Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-1209/2
Дата/Data: 27-03-2023 год./viti

**ДО: Јавна установа Национален парк Шар Планина**

**Ул. Његошева бр.3**
**1200 - Тетово**

**DERI TE: Institucioni publik Parku Kombëtar Mali Sharr**

**Rruga. Njegosheva nr.3**
**1200 - Tetovë**

**ПРЕДМЕТ/LENDA: Согласност на План за управување со Национален парк Шар Планина (2022-2031)**

ВРСКА: Ваш бр.691-03/01 од 19.12.2022 год., 566-03/02 од 09.01.2023 и 0302-95/1 од 09.02.2023 год.

Наш бр. 11-8609/1 од 20.12.2022, 11-154/1 од 09.01.2023 год., 11-154/2 од 31.01.2023 и 11 -1209/1 од 09.02.2023

**SUBJEKTI/LENDA: Pëlqimi për Plan Menaxhimi Kombëtar Parku i Malit Sharr (2022-2031)**

LIDHJA: Nr juaj. 691-03/01 nga 19.12.2022, 566-03/02 nga 09.01.2023 dhe 0302-95/1 09.02.2023

Nr ynë. 11-8609/1 nga 20.12.2022 dhe 11-154/1 nga 09.01.2023, 11-154/2 nga 31.01.2023 dhe 1209/1 од 09.02.2023

**Почитувани,**

Врз основа на член 98 став (1) и став (4) од Законот за заштита на природата (”Сл.весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14,146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и (Сл.Весник на РСМ бр. 151/21), а во врска со барањето за согласност (бр.691-03/01 од 19.12.2022 и 0302-95/1 од 09.02.2023 година, како и допис бр.566-03/02 од 09.01.2023) од страна на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Министерството за животна средина и просторно планирање дава:

**Të nderuar,**

Bazuar në nenin 98 paragrafi (1) dhe paragrafin (4) të Ligjit për Mbrojtjen e Natyrës (“Gazeta Zyrtare e RM-së” nr. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11 , 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 dhe 113/18) dhe (Gazeta Zyrtare e RMV-së Nr. 151/21) në lidhje me kërkesen per pëlqim (Nr. 691-03/01 të datës 19.12.2022 dhe Nr.0302-95/1 të datës 09.02.2023) dhe shkresa (Nr. 566-03/02 të datës 09.01.2023) nga Institucioni Publik Parki Kombëtar Mali Sharr, Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor ofron:


Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## СОГЛАСНОСТ

на Планот за управување со Националниот парк Шар Планина (2022-2031).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Планот за управување со заштитеното подрачје го донесува субјектот задолжен за вршење на работите на управување и заштита во согласност со актот за прогласување и по претходно прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата. Јавната установа Национален парк Шар Планина како субјект задолжен за вршење на работите на управување и заштита на Националниот парк Шар Планина согласно одредбите од Законот за заштита на природата поднесе барање за добивање на согласност (бр. 11-8609/1 од 20.12.2022 и бр. 1209/1 од 09.02.2023 ) и допис (бр. 11-154/1 од 09.01.2023) по однос на Планот за управување со Националниот парк Шар Планина (2022-2031).

Министерството за животна средина и просторно планирање како орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата го разгледа Планот за управување со Националниот парк Шар Планина и го поддржува, бидејќи е во согласност со Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата ("Сл. весник на РМ" бр. 26/12).

Согласно Законот за заштита на природа одржана е јавна расправа по Нацрт-Планот за управување со Националниот парк Шар Планина (2022-2031) и јавна расправа по однос на Нацрт-извештајот за стратегиска оцена врз животната средина за Нацрт-План за управување со Национлан парк Шар

## PËLQIM

të Planit të Menaxhimit të Parkut Kombëtar Mali Sharr (2022-2031).

## ARSYETIM

Plani i menaxhimit me zonën e mbrojtur miratohet nga subjekti përgjegjës për kryerja e punëve menaxhuese dhe mbrojtëse në përputhje me aktin e shpalljes dhe pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga organi i administratës shtetërore kompetent për kryerjen e punëve në fushën e mbrojtjes së natyrës. Institucioni publik Parku Kombëtar Mali Sharr si subjekt përgjegjës për menaxhimin dhe mbrojtjen e Parkut Kombëtar Mali Sharr në përputhje me dispozitat e Ligjit për Mbrojtjen e Natyrës ka lëshuar kërkes per pëlqim (Nr. 11-8609/1, datë 20.12.2022 dhe Nr.1209/1 nga 09.02.2023) dhe shkres (Nr. 11-154/1 datë 09.01.2023) lidhur me Planin e Menaxhimit të Parkut Kombëtar Mali Sharr (2022-2031).

Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor si organ i administratës shtetërore përgjegjës për kryerjen e punëve në fushën e mbrojtjes së natyrës ka shqyrtuar Planin për Menaxhimin e Parkut Kombëtar Mali Sharr dhe e mbështet atë pasi është në përputhje me Rregulloren për përmbajtjen e planeve të menaxhimit të zonave të mbrojtura dhe programeve vjetore të mbrojtjes së natyrës ("Gazeta Zyrtare e RM-së" nr. 26/12).

Në pajtim me Ligjin për Mbrojtjen e Natyrës është mbajtur dëgjimi publik për Projekt-Planin për Menaxhimin e Parkut Kombëtar Mali Sharr (2022-2031) dhe dëgjim publik për Projekt-Raportin për Vlerësimin Strategjik të Mjedisit për Draft- Plani i Menaxhimit të Parkut Kombëtar

Планина за периодот 2022 – 2031 година.

Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор за просторно планирање врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната
средина и спроведена постапка за учество на јавноста има издадено позитивно мислење (бр.15-2335/2022 од 16.12.2022) по содржината и обемот на Финалниот извештај за стратегиска оценка на животната средина на Планот за управување со Националниот парк Шар Планина (2022-2031).

Во Планот за управување со Националниот парк Шар Планина се пропишани мерките и активностите за заштита на природни вредности на заштитеното подрачје. Планот за управување со Националниот парк Шар Планина е усогласен со целите и мерките за заштита и управување со заштитаното подрачје, утврдени со Законот за заштита на природата, Законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк (“Сл.весник на РСМ” бр. 151/21) и меѓународните договори од областа на заштита на природата, кои се ратификувани од страна на нашата држава.

Планот за управување со Националниот парк Шар Планина се донесува за период од десет години. Со оглед на обемноста на активностите, кои се предвидени за извршување согласно Планот за управување, Јавната установа Национален парк Шар Планина како субјект задолжен за управување со заштитеното подрачје, врши оцена на резултатите постигнати со примената на планот за управување по истекот на петтата година од спроведувањето на планот за управување со заштитеното подрачје. Во таа насока треба да се оценат постигнатите резултати од Планот за управување за заштитата и зачувување на природните вредности на паркот како и можностите за развој на екотуризам во насока на поддршка на локалното население.

Mali Sharr për periudhën 2022-2031.

Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor, Sektori për planifikim hapsinor
bazuar në procedurën e zbatuar për vlerësimin strategjik të mjedisit jetësor dhe një procedurë për pjesëmarrjen e publikut është nxjerrë opinion pozitivisht
(nr. 15-2335/2022, datë 16.12.2022) për përmbajtjen dhe qëllimin e raportit final
mbi vlerësimin strategjik mjedisor të Planit të Menaxhimit Parku Kombëtar Malit Sharr (2022-2031).
Në planin e menaxhimit për Parkun Kombëtar Mali Sharr jan shënuar masat dhe aktivitetet për mbrojtjen e vlerave natyrore të zonës së mbrojtur. Plani i menaxhimit për Parkun Kombëtar Mali Sharr është në përputhje me qëllimet dhe masat për mbrojtjen dhe menaxhimin e zonës së mbrojtur, të përcaktuara me Ligjin për Mbrojtjen e Natyrës, Ligjin për Shpalljen e një pjese të Parkut Kombëtar Mali Shar (" Gazeta Zyrtare e RSM-së” nr. 151/21) dhe marrëveshjet ndërkombëtare në fushën e mbrojtjes së natyrës, të cilat janë ratifikuar nga vendi ynë.

Plani i menaxhimit për Parkun Kombëtar Mali Sharr miratohet për një periudhë dhjetëvjeçare. Duke marrë parasysh vëllimin e aktiviteteve, të cilat janë planifikuar për tu kryer sipas Planit të Menaxhimit, Institucioni Publik Parku Kombëtar Mali Sharr si subjekti përgjegjës për menaxhimin e zonës së mbrojtur, për vlersimin e rezultatetëve të arritura me zbatimin e planit të menaxhimit pas vitit të pestë të zbatimit të planit të menaxhimit të zonës së mbrojtur. Në atë drejtim, duhet të vlerësohen rezultatet e arritura të Planit të Menaxhimit për mbrojtjen dhe ruajtjen e vlerave natyrore të parkut, si dhe mundësitë për zhvillimin e ekoturizmit. në drejtim të mbështetjes së popullsisë vendase.


Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Јавната установа Национален парк Шар Планина е должна да отпочне постапка за изготвување на нов План за управување, најдоцна една година пред истекот на рокот за кој е донесен Планот за управување.

Контролата врз спроведувањето на Планот за управување со Националниуот парк Шар Планина (2022-2031) ја врши Министерството за животна средина и просторно планирање како орган на државната управа надлежен за вршење на работите одобласта на заштита на природата.

**Со почит,**

Institucioni publik Parku Kombëtar Mali Sharr obligohet që të fillojë procedurë për përgatitja e një Plani të ri Menaxhimi, jo më vonë se një vit para skadimit të afatit për të cilin është miratuar Plani i Menaxhimit.

Kontroll mbi zbatimin e Planit të Menaxhimit të Parkut Kombëtar Mali Sharr (2022-2031) realizohet nga Ministria e Mjedisit dhe planifikimit hapësinor si organ i administratës shtetërore përgjegjës për kryerjen e punëve nga fusha e mbrojtjes së natyrës.

**Me respekt,**

**МИНИСТЕР/MINISTER**
**КАЈА ШУКОВА**

Изработил/Përpiloi: Isuf Fetai
Проверил/Kontrolluar: м-р Сашко Јорданов
Согласен/Miratoi: м-р Влатко Трпески

Управа за животна средина/Drejtor i Drejtorisë së Mjedisit Jetësor
**Директор/Drejtor**
**Hisen Xhemaili**


Министерство за животна средина и просторно планирањена
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk